24.12.2013



По повод денешниот настан се одржа свечена седница на Советот на ССМ

Денес Сојузот на синдикатите на Македонија и Организацијата на работодавачи на Македонија потпишаа Спогодба за измени и дополнувања на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, со кои се утврдува правото на регрес за годишен одмор.

Измените и дополнувањата на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството ги потпишаа преседателот на ССМ д-р Живко Митревски и претседателот на Организацијата на работодавачи Ангел Димитров.

По повод денешниот настан претседателот на ССМ д-р Живко Митревски даде кус осврт на активностите на ССМ за 2013 година, при што истакна дека оваа година беше исполнета со крупни активности во делот на задржувањето на работните права. Најбитно е што ССМ ги сочува трите основни столба: не дозволи масовни отпуштања, не дозволи намалување на платите и не се допушти зголемување на старосната граница за пензионирање. На овој начин ССМ и ОРМ покажаа дека и во најтешките услови, врз основа на чувство на одговорност и обврска успеваат да ги реализира своите програмски цели.



Ангел Димитров и д-р Живко Митревски на денешното потпишување на Спогодбата





ССМ
СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИ
FEDERATION OF TRADE UNIONS OF MACEDO

Булевар "Дванаесетта македонска бригада" бр. 2, 1.000 Скопје 3161374 тел/факс 3115787 e mail: info@s